**ДП.бр.12-4-6/22**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ (подолу како ДК при КИРСМ) во состав од Славица Ацовска извршител, како Претседател на Дисциплинска Комисија и Гордана Цутеска извршител, како член-известител на Дисциплинска Комисија, судија Весна Богдановска од Основен граѓански суд Скопје, судија Јусуф Ајрулахи од Апелационен суд Скопје и Јасна Жежова од Совет на Јавните обвинители, како членови на Дисциплинска Комисија и Снежана Пижевска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр.09-82 од 14.02.2022 година на Министерство за правда на РСМ, во присуство на извршителот по одржан главен претрес, на ден 31.03.2022 година го донесе следното,

**РЕШЕНИЕ**

**I.**

**СЕ ОГЛАСУВА ЗА ВИНОВЕН** извршител О.Г. именуван за подрачјето на Основен суд К., Основен суд Б., Основен суд В. и Основен суд Д., по повод наводите од точка еден од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр.09-82 од 14.02.2022 година на Министерството за правда,

**ЗАТОА ШТО:**

Извршителот О.Г. од Д. постапувајќи по претставка поднесена од Управата за финансиска полиција а примена во Министерството за правда која му била доставена на одговор, во прилог на одговорите доставени до Министерството за правда, како и пред овластената комисија за надзор од Министерството за правда во текот на вршење на надзорот спроведен на ден 02.12.2021 година дал нецелосни податоци, односно доставил списи и докази за извршените уплати и податоци за распределба на средства само за извршните предмети И.бр.858/2014, И.бр.538/2018, И.бр.08/2019 и И.бр.628/2020, а за останатите извршни предмети И.бр.442/2016 и И.бр.726/2019 не доставил целосни податоци, иако на записник од извршен надзор бил задолжен да достави до Министерство за правда, списи и податоци и за предметите И.бр.442/2016 и И.бр.726/2019, со што извршителот сторил дисциплинска повреда по член 65 став 1 алинеја 5 од Законот за извршување: „извршителот не дава или дава неточни податоци за цели на вршење на надзор “ па му се изрекува дисциплинска мерка,
**парична казна** во висина од -----евра во денарска противвредност според среден курс на Народна Банка на РСМ на денот на изрекувањето, согласно член 62 став 1 точка в) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16, бр.142/16, 233/18 и 14/20).

**II.**

**СЕ УТВРДУВА** дека не е сторена дисциплинска повреда од страна на извршител О.Г. од Д., по повод наводите од точка два од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, УПП бр.09-82 од 14.02.2022 година на Министерството за правда
**со тоа што:**

Извршителот О.Г. од Д. постапувајќи по извршен предмет И.бр.726/2019, изготвил Записник од 08.12.2020 година за продажба на недвижност со усно јавно наддавање (врз основа на член 186 став 4 од ЗИ), во кој е констатирано дека на ден 07.12.2020 година бил уплатен износ од 308.462,00 денари на име гаранција за учество на јавно наддавање за продажба на недвижност, средствата ги задржал на неговата посебна сметка, од причина што купувачот не ја уплатил купопродажната цена во рокот определен во

Заклучокот за продажба и истите не ги распределил веднаш односно првиот следен работен ден по основ на главен долг, споредни побарувања или извршни трошоци, кои средства согласно член 188 став 3 од Законот за извршување се сметаат како наплатени средства во извршувањето, со што би постапил спротивно на член 36 став 5 од Законот за извршување и би сторил дисциплинска повреда по член 65 став 1 алинеја 7 од Законот за извршување:„ извршителот пропуштил да преземе должно дејствие или презел дејствие спротивно на одредбите од овој закон, утврдено од страна на суд во постапка по приговор против неправилности во извршувањето.“

СЕ ЗАДОЛЖУВА извршителот О.Г. од Д. изречената парична казна од ова решение да ја плати во рок од 15 дена од приемот на решението, а под страв на присилно извршување.
Ова Решение е конечно.
Евентуално поведен управен спор пред надлежен суд не го одлага извршувањето на ова решение.

*Образложение*

На ден 16.02.2022 година до Комората на извршители на РСМ е доставен Предлог за поведување на дисциплинска постапка УПП бр.09-82 од 14.02.2022 година поднесен од страна на Министерството за правда против извршителот О.Г. од Д. изготвен врз основа на Извештај од извршен надзор УПП бр. 09-504 од 30.12.2021 година и Записник од извршен надзор УПП бр. 09-504 од 02.12.2021 година, спроведен од страна на овластени лица од Министерството за правда во канцеларијата на извршителот О.Г. на Бул. „---------“ бр.----- во Д. на ден 02.12.2021 година. Предлогот за поведување дисциплинска постапка УПП бр.09-82 од 14.02.2022 година од Министерството за правда на РСМ е поднесен против извршител О.Г. од Д. со наводи дека извршителот сторил дисциплински повреди од член 65 став 1 алинеја 5 и 7 од Законот за извршување.

Во точка еден од предлогот се наведува дека извршителот О.Г. од Д. сторил дисциплинска повреда од член 65 став 1 алинеја 5 од ЗИ:„ извршителот не дава или дава неточни податоци за цели на вршење на надзор“ со тоа што извршителот О.Г. од Д. постапувајќи по претставка- Известување од Управата за финансиска полиција, примена во Министерството за правда под број УПП.бр.09-504 која му била доставена на одговор, во одговорот како и на овластената комисија за надзор од Министерството за правда во текот на вршење на надзорот спроведен на ден 02.12.2021 година дал нецелосни податоци за целите на надзорот, односно доставил докази за извршените уплати и податоци за распределба на средства само за извршните предмети И.бр.858/2014, И.бр.538/2018, И.бр.08/2019 и И.бр.628/2020, а за останатите извршни предмети И.бр.858/2018, И.бр.442/2016 и И.бр.726/2019 не доставил податоци, иако на записник од извршен надзор бил задолжен да ги достави бараните докази, како и дополнително два пати по електронска пошта и тоа на ден 24.12.2021 година и на ден 27.12.2021 година било побарано да ги достави бараните податоци за целите на вршење на надзорот, но извршителот тоа не го сторил.

Точка два од предлогот е со наводи дека извршителот О.Г. од Д. сторил дисциплинска повреда од член 65 став 1 алинеја 7 од Законот за извршување:„ извршителот пропуштил да преземе должно дејствие.......”, на начин што извршителот О.Г. од Д., постапувајќи по извршен предмет И.бр.726/2019, изготвил Записник од 08.12.2020 година за продажба на недвижност со усно јавно наддавање (врз основа на член 186 став 4 од ЗИ), во кој е констатирано дека на ден 07.12.2020 година бил уплатен износ од 308.462,00 денари на име гаранција за учество на јавно наддавање за продажба

на недвижност, средствата ги задржал на неговата посебна сметка, од причина што купувачот не ја уплатил купопродажната цена во рокот определен во Заклучокот за продажба и средствата не ги распределил веднаш односно првиот следен работен ден по основ на главен долг, споредни побарувања или извршни трошоци, кои средства согласно член 188 став 3 од Законот за извршување се сметаат како наплатени средства во извршувањето, со што извршителот постапил спротивно на член 36 став 5 од Законот за извршување.

Министерството за правда сметајќи дека извршителот О.Г. од Д. сторил дисциплински повреди од член 65 став 1 алинеја 5 и 7 од Законот за извршување предлага Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ да поведе дисциплинска постапка заради утврдување на дисциплинска одговорност на извршител О.Г. од Д. и да му изрече соодветна санкција во согласност со одредбите од Законот за извршување.

Извршителот О.Г. од Д., на ден 17.02.2022 година по електронски пат и по писмен пат е уредно известен од страна на Стручната служба на КИРСМ дека е доставен до Комората, Предлог за поведување на дисциплинска постапка УПП.бр.09-82 од 14.02.2022 година на Министерство за правда, и било побарано согласно член 8 ст.6 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка во рок од 8 дена од приемот да се произнесе и да достави одговор и докази до Комората. Извршителот О.Г. до денот на одржување на главен претрес, не се произнесе со одговор по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП.бр. 09-82 од 14.02.2022 година на Министерство за правда. Извршител О.Г. од Д.**,** на 17.03.2022 година на закажан главен претрес, пред ДК при КИРСМ изјави дека постапил по задолжението на Министерството за правда наведено во записник од 02.12.2021 година, односно до Министерството ги доставил бараните податоци во доставен одговор до Министерството како и доставил копии по извршните предмети И.бр.442/2016, И.бр.726/2019 и И.бр.858/2014, но не приложи доказ како потврда на својата изјава. Изјави дека за потребите на Дисциплинската постапка, наведеното ќе го достави до Комората на извршители по електронски пат, по што ДК при КИРСМ одлучи да го одложи претресот за ден 24.03.2022 година со почеток во 13 часот. На ден 21.03.2022 година извршител О.Г., до Коморатата на извршители, по електронски пат, во скенирана форма достави два дописи со наслов – Одговор на барање, адресирани до Министерство за правда, во врска со УПП бр.09-504 и скенирани страни од приемна книга за достава по пошта на две пратки до Министерство за правда, на ден 25.11.2021 година и на ден 10.12.2021 година. На седница одржана на ден 24.03.2022 година ДК при КИРСМ донесе заклучок: „Да се побара од подносителот на Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, Министерство за правда да достави оригинал записник од 02.12.2021 година или произнесување дали станува збор за предмет И.бр.858/2014 или И.бр.858/2018, кој требал да биде доставен или за двата предмети се барало произнесување и достава на списи“. По испратено Барање до Министерството за правда, на ден 30.03.2022 година, по електронски пат од страна на Министерството за правда, до ДК при КИРСМ е доставен во скенирана форма, записник од 02.12.2021 година,за извршен вонреден надзор во канцеларијата на извршител О.Г.

На одржан главен претрес на Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ на ден 31.03.2022 година извршителот О.Г. наведе дека останува кон одговор даден пред Министерството за правда на РСМ и дополни дека до Министерството за правда ги доставил побараните списи по предмет И.бр.726/2019, И.бр.442/2016, и И.бр.858/2014, и дека истото може да се види од листови од доставна книга за ПТТ од ден 10.12.2021 година. На прашање поставено од член на ДК при

КИРСМ: дали се работи за два предмети И.бр.858/2014 и И.бр.858/2018 по кои било побарано да се произнесете и да доставите списи?,извршителот наведе дека најверојатно е техничка грешка, не станува збор за два предмети, туку само за предмет И.бр.858/2014. Запрашан дали по маил испратил податоци, бидејќи во предлогот се наведува дека од страна на Министерство за правда на маил му е испратено барање за достава на дополнителни податоци на ден 24.12.2021 година и на ден 27.12.2021година, извршителот наведе дека поради преоптовареност на електронското сандаче, маиловите ги брише.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ на одржан главен претрес на ден 31.03.2022 година, ги дозволи и изведе следните докази:

- Предлог за поведување на дисциплинска постапка УПП бр. 09-82 од 14.02.2022 година на Министерство за правда на РСМ;
- Извештај УПП бр. 09-504 од 30.12.2021 година на Министерство за правда на РСМ;
- Записник УПП бр. 09-504 од 02.12.2021 година на Министерство за правда на РСМ;
- Извод од сметка за ден 07.12.2020 година од извршител О.Г. ;
- Записник од 08.12.2020 година за продажба на недвижност со усно јавно наддавање И.бр.726/2019 од извршител О.Г.;
- Заклучок за огласување на продажба за неважечка врз основа на член 188 став 2 од ЗИ од 28.12.2020 година на извршител О.Г.;
- Достава на Предлог за поведување на Дисциплинска постапка до извршител О.Г. од Д., бр.12-4-6/2 од 17.02.2022 година;
- Достава на Известување по маил од извршител О.Г., на ден 21.03.2022 година со прилози (2), заведен во КИРСМ под бр.12-4-6/7;
- Одговор на барање во врска со УПП бр.09-504 од извршител О.Г.;
- Одговор на барање во врска со УПП бр.09-504 од 25.10.2021 година на извршител О.Г.;
- Фотокопија од два листа од Приемна книга на ПТТ со дата 25.11.2021 година и 10.12.2021 година;
- Засписник бр.12-4-6/9 од 24.03.2022 година на ДК при КИРСМ;
- Барање на ДК при КИРСМ до Министерство за правда, бр.12-4-6/10 од 24.03.2022 година;
- Достава на Записник УПП бр. 09-504 од 02.12.2021 година од страна на Министерство за правда на РСМ, по маил, заведено во КИРСМ со бр.12-4-6/11 од 30.03.2022 година.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

Извршителот О.Г. изготвил две писмена во врска со претставка УПП бр.09-504, адресирани до Минстерство за правда, без назначување на датум на изготвување. Едното писмено, е со наслов: Одговор на барање во врска со УПП бр.09-504 од 25.10.2021 година, во кое извршителот О.Г.обраќајќи се до Министерството, наведува:„На известување од Управата за финансиска полиција барате да доставам одговор со докази за поткрепа. Какви докази барате и со што да ги поткрепам, не појаснувате. Веројатно не Ви е доставен записникот на кој се повикува УФП или пак, доколку Ви е доставен, не

сте го прочитале. Со овој одговор Ви го доставувам записникот од извршената контрола, заведен под број 27-18/06210-0169/1 од 28.06.2021 година. На страна 3 од Записникот е објаснето од кој предмет и поради кои причини стојат нераспределни средствата. Доколку овој одговор не соодржи доволно докази Ве молам наведете кои точно докази Ви се потребни и ќе ги доставам.“ Второто писмено, е со наслов: Одговор на барање во врска со УПП бр.09-504, во кое извршителот О.Г.наведува дека нераспределените средства кои ги има на посебната сметка во УНИ Банка АД Скопје, претставуваат: 1. Гаранција за учество на јавно наддавање по предмет И.бр.726/2019, во износ од 308.500,00 денари уплатени на ден 07.12.2020 година кој износ е задржан бидејќи купувачот не ја уплатил купопродажната цена во рокот определен во заклучокот за продажба, и прилози: извод, записник и заклучок; 2. Уплатата од должников должник во И.бр.442/2016 за придонеси за ПИО на доверителот, во износ од 133.800,00 денари кои се акомулирани заради надлежност за делумна уплата со прилози: налог и извод; 3. Уплатите врз основа на налози по член 149 од ЗИ во предметите И.бр.858/2014 - 8.987,00 денари, И.бр.538/2018 - 10.975,00 денари, И.бр.8/2019 – 5.257,00 денари, И.бр.628/2020 – 14.630,00 денари, должен сум да ги чувам на посебната сметка 15 дена, како и уплатите од 31.12.2021 година во износ од 51.999,00 денари, со прилог, со прилог:налози и изводи и 4. Уплатите од посебната сметка на извршител Б.П. во износ од 147.244,00 деари, средства за распределба согласно Правилникот за начинот на предавање на списи, книги, електронска евиденција и состојба на сметка од извршител чија должност престанала, со прилог: извод од 24.12.2020 година. Во дописот извршителот наведува дека збирот на сите уплати изнесува 670.417,00 денари. Разликата помеѓу овој износ до износот 674.654,00 денари за кој барате податоци изнесува 4.237,00 денари. Овие средства се акомулирани во десетогодишното работење, при што од секоја распределба се задржува износ од 50-60 денари за покривање на трошоците за банкарска провизија и одржување на сметка. Крајно, наведувадека посебната сметка на пензионираниот извршител Б.П. на ден 31.12.2020 година е со состојба 129.337,00 денари, со прилог извод.

Овластени лица при Министерството за правда, на ден 02.12.2021 година во 13 часот извршиле вонреден надзор во канцеларијата на извршител О.Г. во Д., и изготвиле Записник од извршен вонреден надзор со бр.09-504 од 02.12.2021 година. Во записникот овластената комисија навела дека е извршен увид во извршните предмети по кои не била извршена распределба на средствата од посебната сметка, според наводите од претставката поднесена од Управата за финансиска полиција. Во забелешка во Записникот со бр.09-504 од 02.12.2021 година е забележано: „Извршителот се задолжува да ни прати списи од извршните предмети И.бр.726/2019, И.бр.442/2016, И.бр.858/2014, И.бр.538/2018, И.бр.8/2019 и И.бр.628/2020 од денот на уплата и денот на исплата, согласно периодот кој е наведен во записникот од управата за финансиска полиција.“ Записникот, уредно е потпишан од овластени лица од Министерство за правда и од извршител, О.Г.

Овластени лица при Министерството за правда, на ден 30.12.2021 година составиле Извештај за утврдената фактичка состојба од извршениот надзор. Во извештејот со број 09-504 од 30.12.2021 година се наведува дека Министерството по прием на претставка поднесена од Управата за финансиска полиција, а во која било наведено дека од финансиската полиција, постапувајќи по пријава извршила контрола кај извршител О.Г. од Д., при што бил изготвен Записник од 28.06.2021 година, во кој било утврдено дека извршителот на посебната сметка имал 384.149,00 денари нераспределени средства, а кои средства согласно член 36 став 5 од ЗИ, имал обврска да

ги распредели, Министерството постапувајќи согласно Правилникот за начинот на вршење надзор над работењето на извршителите го доставила известувањето до извршителот О.Г. од Д. со барање во рок од 8 дена од денот на приемот да се произнесе по изнесените наводи во известувањето и да достави писмен одговор и докази во покрепа на истиот. Извршителот на ден 03.11.2021 година доставил до Министерството одговор во кој навел дека не му е јасно кои докази се бараат и со што да се поткрепат и го доставил Записникот од УФП. Министерството за правда повторно доставило барање за дополнување на одговор до извршител О.Г., кој на ден 01.12.2021 година доставил одговор и приложил изводи и дел од актите кои ги изготвил при спроведување на извршувањето по предметите во кои не се распределени паричните средства, со кратко образложение зашто истите не биле распределени. Во извештејот бр.09-504 од 30.12.2021 година, се наведува дека по спроведен надзор извршителот на ден 16.12.2021 година доставил до Министерството за правда дополнителна документација но не постапил согласно задолженијата од записникот за извршен надзор, односно доставил само изводи за промена и состојба на сметка од уплатите, но не и од распределбара на средствата, и од таа причина Министерството повторно во два наврати се обратило по маил до извршителот, кој по електронски пат доставил податоци за распределба на средства само за предметите  И.бр.538/2018, И.бр.08/2019, И.бр.628/2020, а за останатите извршни предмети И.бр.442/2016, И.бр.726/2019 и И.бр.858/2018, бараните податоци не ги доставил.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ, од увид во Записник од извршен надзор од ден 02.12.2021 година, доставен од Министерството за правда, констатира дека извршителот бил задолжен да достави списи по шест извршни предмети (И.бр.858/2014, И.бр.538/2018, И.бр.08/2019, И.бр.628/2020, И.бр.442/2016 и И.бр.726/2019), а во предлогот доставен од МП се навеува дека извршителот постапил по записникот и доставил списи по четири предмети (И.бр.858/2014, И.бр.538/2018, И.бр.08/2019 и И.бр.628/2020, но не доставил списи по 3 премети (И.бр.858/2018, И.бр.442/2016 и И.бр.726/2019). Од увид во Записник од извршен надзор, предлог за поведување на дисциплинска постапка и од изјава од извршител О.Г., дадена на записник се утврдува дека не станува збор за два предмети И.бр.858/2014 и И.бр.858/2018, по кои е побарано произнесување и достава на списи, туку само за предмет И.бр.858/2014. Министерството за правда при изготвување на текст од Предлог за поведување на дисциплинска постапка, сторил техничка грешка, погрешно наведувајќи дека се работи за два различни предмети.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ, од увид во приемна книга од ПТТ од ден 10.12.2021 година за испратена пошта од страна на извршител О.Г., пратката до Министерството за правда на РСМ е поврзана со забелешка дека се работи за достава на предмет со И.бр.144/12, па ДК при КИРСМ не го прифати тврдењето забележано на записник, дадено од извршител О.Г. дека до Министерството за правда ги доставил побараните списи по предмет И.бр.726/2019, И.бр.442/2016, и И.бр.858/2014, и дека истото може да се види од лист од доставна книга за ПТТ од ден 10.12.2021 година.

По однос на предмет И.бр.726/2019, извршителот О.Г. на ден 08.12.2020 година составил Записник за продажба на недвижност со усно јавно наддавање врз основа на член 186 став 4 од ЗИ, во кој утврдил дека најповолен понудувач за недвижноста која била предмет на продажба е Друштво за транспорт, производство, трговија и услуги БИ ГРУП -18 увоз-извоз ДООЕЛ Пехчево, кој понудил цена од 3.084.615,00 денари и нему му се продава недвижноста, но на ден 28.12.2020 година извршителот О.Г. донел Заклучок за огласување на прадажбата за неважечка И.бр.726/2019, поради тоа што најповолниот понудувач не ја положил цената од 3.084.615,00 денари, во определениот рок од 15 дена.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ одлучувајќи по повод основаноста на наводите опишани во точка 1 од Предлогот за поведување дисциплинска постапка утврди дека извршителот ја сторил дисциплинска повреда:„извршителот не дава или дава неточни податоци за цели на вршење на надзор”по член 65 став 1 алинјеа 5 од ЗИ, на начин што извршителот О.Г. со дописи кои како одговор по УПП бр.09-504 ги доставил до Министерството за правда на ден 03.11.2021 година и на ден 01.12.2021 година, не биле доволни за да бидат објаснети причините за нераспределените средства од неговата посебна сметка со износ од 384.149,00 денари, па овластените лица при Министерството за правда на ден 02.12.2021 година по спроведен вонреден надзор го задолжиле извршителот да достави списи и податоци од извршните предмети И.бр.726/2019 и И.бр.442/2016, но извршителот не постапил по задолжението забележано на записник од извршен надзор односно извршителот не дал (доставил) податоци и списи за предметите И.бр.726/2019 и И.бр.442/2016, кои биле цел на надзорот. Како во непреземените дејствија од страна на извршителот се содржини сите битни елементи на дисциплинската повреда по чл. 65 став 1 алинеја 5 “не дава или дава неточни податоци за цели на вршење на надзорот” од Законот за извршување, ДК при КИРСМ го огласи за виновен извршителот О.Г. и согласно чл. 62 став 1 т.в) му се изрече дисциплинска мерка парична казна во висина од ----- евра во денарска противредност според среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на изрекувањето.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ одлучувајќи по повод основаноста на наводите опишани во точка 2 од Предлог за поведување дисциплинска постапка, утврди дека извршителот О.Г. од Д. не постапил спротивно на член 36 став 5 од Законот за извршување и не ја сторил дисциплинската повреда која му се става на товар по член 65 став 1 алинеја 7 од Законот за извршување: “ извршителот пропуштил да преземе должно дејствие...“ со тоа што постапувајќи по извршен предмет И.бр.726/2019, изготвил Записник од 08.12.2020 година за продажба на недвижност со усно јавно наддавање, во кој констатирал дека на ден 07.12.2020 година бил уплатен износ од 308.462,00 денари на име гаранција за учество на јавно наддавање за продажба на недвижност, средствата ги задржал на неговата посебна сметка, поради што купувачот не ја уплатил купопродажната цена во рокот определен во Заклучокот за продажба и средствата не ги распределил веднаш односно првиот следен работен ден по основ на главен долг, споредни побарувања или извршни трошоци, од причина што наведените средства кои се сметаат за наплатени сресвa во извршувањето се распеделуваат по правосилност на Заклучок за намирување, согласно одредбите од Законот за извршување.

Дисциплинската комисија смета дека со ваквата дисциплинска мерка ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Согласно член 62 став 1 точка в) в.в. со член 68 став 4 од Законот за извршување се задолжува обвинетиот извршител О.Г. од Д. да плати на име парична казна износ во висина ----- евра во денарска противредност по среден курс на Народна Банка на РСМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители на РСМ бр.200--------- во С.Б. АД Скопје, во рок од 15 дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.

Дисциплинската Комисија при КИРСМ на ден 31.03.2022 година согласно чл. 58, чл.60 став 1 в.в. чл. 62 став 1 точка в) од Законот за извршување („Службен весник на Р. Македонија“ бр.72/16, 142/16, 233/18 и 14/20) одлучи како во изреката на ова решение.

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РСМ**
**ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА**
Претседател,
Славица Ацовска

________________________________

**Правна поука :** против ова решение извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РСМ во рок од 30 дена по приемот

**Дн:** Министерство за правда на РСМ
Извршител О.Г.од Д.
Претседател на КИРСМ
Архива